Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

**Архивски број:** 14-3513/2
Скопје, 14 -07- 2022 2022 година
**ДО:**
Бул.
**Емаил:**

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани

На ден 13.07.2022 година преку меил во Министерството за економија пристигна барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш архивски број 14-3513/1 во кое се бараат следните информации од јавен карактер:

1. Дали во периодот 01.01.2021 до 31.12.2021 имате реализирани вработувања на определено време?

**Во периодот 01.01.2021 до 31.12.2021 година, Министерството за економија има реализирано вработувања на определено време.**

2. Ако има лица вработени на определено време дали истите се вработени по претходно објавен оглас и кои критериуми/услови требале да ги исполнат?

**Лицата вработени на определено време во Министерство за економија се вработени по претходно објавен јавен оглас и истите потребно е да ги исполнуваат следните услови:**

**Општи услови:**

**да се државјани на Република Северна Македонија**

- **да имаат општа здравствена способност за работното место и**
- **со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.**

**Лицата, покрај општите услови предвидени со Закон, потребно е да имаат:**

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

- **Стручни квалификации односно Уверение/Диплома за завршен степен на образование кој е потребен за работното место кое е објавено на Јавен оглас**
- **со или без работно искуство во струката (зависно од нивото на работно место)**
- **активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)**
- **активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,**

3. Дали во вашата институција има лица ангажирани на определено време преку агенции за привремени вработувања и дали за нивното ангажирање е објавен јавен оглас?

**Во Министерство за економија нема лица ангажирани на определено време преку агенции за привремени вработувања.**

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Изработил/Përpiloi:Бранкица Ѓорѓиев, Brankica Gjorgjiev
Одобрил/ Aprovoi:Александра Спасевсска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Miratoi: Razmena Cekic-Durovic, Размена Чекиќ-Дуровиќ